Јавно претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници во Општина Битола

ЈППЈЛП Битола

# П Р О Г Р А М А

## За работа за 2019 година

ЈППЈЛП Битола

Битола 2019 год.

**Програма за работа за 2019 година**

Програмата за работа на Јавното претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници во Општина Битола, представува плански документ за организација и начин на извршување на работните задачи на јавното претпријатие.

Со програмата се поставуваат цели и задачи, се предвидуваат средства за активности кои треба да се реализираат со цел остварување на предвидените цели.

Поради преоптеретеност на сообраќајот и недоволниот број на паркиг места програмата предвидува работа со корисниците на услугите, посебно во централното градско подрачје, односно на затворените паркинг простори и зонското паркирање, со цел намаување на проблемите и нивно решавање.

**Основна дејност**

Јавно претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници во општина Битола основано со одлука на Совет на Општина Битола бр.09-49/6 од 23.04.2019 год.

Основна дејност на јавното претпријатие е:

- управување, уредување и одржување на јавни паркинг простори во градот за сигурно и ефикасно задоволување на потребите на граѓаните;
- максимално искористување на расположливите постоечки капацитети;
- модернизација, технолошко унапредување и изградба на нови капацитети;
- воспоставување на побрз проток на сообраќајот.

**Организациона структура**

Заради обезбедување на меѓусебно поврзаните области и функции во надлежност на Јавно претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници во Општина Битола, со цел за поефективна и поефикасна организација, координација и соработка работата е поделена на следните сектори со одделенија:

1. Сектор за јавни паркиралишта и пајак
    - Одделени за јавни паркиралишта;
    - Одделение пајак служба.
    - Одделение за јавен градски превоз.
2. Сектор за финанскиски, правни и општи работи
    - Одделени за финансиско работење;
    - Одделение за општо правни работи и човечки ресурси.

**Објекти со кои располага**

Со проектните сообраќајни решенија за зонското паркирање на јавни површини и на паркирање на затворени паркинг простори на територијата на општина Битола предвидени се 3 зони на паркирање. Секоја зона содржи определен број на подзони.

Зона А (прва зона) е организирана во 9 подзони и 3 затворени паркиралишта.

**Табела бр.1**

| Зона А | Места за паркирање | Места за инв. лица | Места за такси возила | Затворени паркиралишта |
|---|---|---|---|---|
| Подзона А1 | 78 | 4 | 6 | |
| Подзона А2 | 36 | 3 | | |
| Подзона А3 | 45 | 2 | 3 | |
| Подзона А4 | 47 | 3 | 4 | |
| Поздона А5 | 64 | 3 | | |
| Подзона А6 | 31 | | | |
| Подзона А7 | 85 | 9 | | |
| Подзона А8 | 78 | | | |
| Подзона А9 | 14 | | | |
| Паркинг 1 | | | | 21 |
| Паркинг 2 | | 3 | | 45 |
| Паркинг 3 | | 2 | | 58 |
| Т.С.1 | | | 24 | |

Вкупен број на места за паркирање изнесува 626 од кои 29 места се наменети за паркрање на инвалидизирани лица и 37 места за такси возила.

Зона Б (втора зона) е организирана во 8 подзони.

**Табела бр.2**

| Зона Б | Места за паркирање | Места за инв. лица | Места за такси возила | Затворени паркиралишта |
|---|---|---|---|---|
| Подзона Б1 | 176 | 5 | | |
| Подзона Б2 | 123 | | | |
| Подзона Б3 | 23 | | | |
| Подзона Б4 | 58 | | | |
| Поздона Б5 | 94 | 3 | | |
| Подзона Б6 | 20 | | | |
| Подзона Б7 | 35 | 1 | | |
| Подзона Б8 | 33 | | | |

Вкупен броја на места за паркирање изнесува 562 од кои 9 места се наменети за инвалидизирани лица.

Зона Ц (трета зона) е организирана во 3 подзони.

**Табела бр.3**

| Зона Ц | Места за паркирање | Места за инв. лица | Места за такси возила | Затворени паркиралишта |
|---|---|---|---|---|
| Подзона Ц1 | 29 | | | |
| Подзона Ц2 | 91 | 2 | | |
| Подзона Ц3 | 65 | 1 | | |

Вкупен број на места за паркирање изнесува 185 од кои 3 места се наменети за инвалидизирани лица.

**Табела бр.4**

| Зона Ц | Места за патнички автомобили | Места за инв. лица | Места за комби возила | Места за автобуси | Место за моторцикли |
|---|---|---|---|---|---|
| Паркиралиште Спортска сала | 175 | 6 | 22 | 17 | |

Вкупниот број на места за паркирање во зона Ц изнесува 399 места за паркирање од кои 9 место за паркирање на лица со инвалидитет.

Во сообраќајното решение проектирана е потребната хоризонтална и вертикална сигнализација со која се дефинира режимот на сообраќај во подрачјето на опфатот.

*(податоците внесени во табелите бр.1-4 се превземени од ОСП за зонско паркирање на Општина Битола за зони А,Б и Ц)*

**Начин и динамика на работа**

Наплата на паркинг услугата ќе се врши во две смени во временски периодот од 7.30-21.30 часот секој работен ден и сабота, освен за време на државни празници.

**Наплата на услугите**

Јавното претпријатие своите услуги ќе ги врши врз основа на:

- **ЦЕНОВНИК** на услуги за подигање и пренесување на непрописно паркирани возила и возила кои го попоречуваат безбедното движење во сообраќајот и
- **ЦЕНОВНИК** на услуги и надоместоци на јавните паркиралишта во Општина Битола.

Ценовниците се предложени од страна на УО на јавното претпријатие, а усвоени од страна на Совет на Општина Битола.

**Планирани инвестициони активности**

Планираните инвестициони вложувања јавното претпријатие ги движи во насока на подобрување на системот на паркирање, односно обезбедување на дополнителен број на паркинг места, обезбедување на побрз проток на возила, а од друга страна овозможување на безбедно движење на пешаците по тротоарите.

Досегашната пракса покажува ниско ниво на свест за безбедно движење во сообраќајот. Имено тротоарите се преполни во возила со што е оневозможено безбедно движење на пешаците, сообраќајот се одвива со низок степен на безбедност поради несовесно и хаотично паркирање на возила, што доведува до големи застои во сообраќајот.

Како предуслов за решавање на паркирањето во централното градско подрачје се предвидува:

- Поправка на сите оштетени метални столбчиња, дополнително поставување на метални столбчиња на локации каде недостасуваат, како и дополнително обезбедување на определени пешачки зони и паркинг места со поставување на нови метални столбчиња.
- Вклучување на пајак возило во состав на јавното претпријатие со цел да се зголеми ефикасноста и контролата во сообраќајот. Истото ќе биди со намена да ги отстранува непрописно запрените и паркирани возила на јавните прометни површини и јавните зелени површини, како и возилата од други локации кои го попречуваат безбедното движење во

сообраќајот. Работата на истото е во согласност со СВР Битола или во согласност со надлежен општински орган.

- Обезбедување на дополнителен број на паркинг места на постојаните зони со што ќе се овозможи можност за зголемен број на правилно паркирани возила, како и опфаќање на определени паркинг простори со зонско паркирање или паркирање од затворен тип.
- Решавањето на проблемот со паркирање на возила пред паркинзите на колективните згради во делови на зонското паркирање со воведување на повластена паркинг карта. За таа цел се предвидува обезбедување на истите со дополнителен потребен број на паркинг места, поставување на рампи и нивно одржување.
- Реконструкција на постојните паркиралиштата предвидува преземање на мерки на санирање на постоечката состојба, односно преземање на градежни активности на санирање на дупки, поправка на постоечка инсталација, асфалтирање и уредување на просторот. Ваквите активности ќе бидат насочени кон паркиралиштата од затворен тип.
- Постојано бележње (освежување) на хоризонталната сигнализација на паркинг местата ке овозможи целосна контрола на правилно користење на паркинг местото како и избегнување на злоупотреба на определени резервирани паркинг места од страна на несовесни граѓани.
- Тековно одржување на информативните табли и заштита на истите од разни видови на оштетувања.

**Планирани приходи**

*(планираните податоци за приходи се однесуваат за период од 6 месеци, односно од јули до декември)*

| | Опис | Износ (ден) |
|---|---|---|
| 1 | Приходи од  затворени паркиралишта | 3.600.000 |
| 2 | Приходи од зонско паркирање | 5.500.000 |
| 3 | Приходи од пајак возило | 900.000 |
| 4 | Приходи од поставување на блокатор | 600.000 |
| 5 | Приходи од повластено паркирање | 900.000 |
| 6 | Приходи од резервирани паркинг места | 250.000 |
| 7 | Останати приходи | 50.000 |
| | **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **11.800.000** |

**Очекувани расходи**
*(планираните расходи се предвидени за период од еден месец)*

| | Опис | Износ (ден) |
|---|---|---|
| 1 | Плата за вработени | 1.400.000 |
| 2 | Гориво | 25.000 |
| 3 | Комунални давачки | 18.000 |
| 4 | Надомест за фиксна и мобилна телефонија и интернет | 25.000 |
| 5 | Книговодствени услуги | 8.000 |
| 6 | Надомест за софтвер за зонско паркирање | 70.000 |
| 7 | Канцелариски материјал | 10.000 |
| 8 | Карти за зонско паркирање, лепенки за блокатори и сл. | 15.000 |
| 9 | Надомест за користење на опрема за 3 затворени паркинзи | 50.000 |
| 10 | Останати трошоци | 15.000 |
| | **ВКУПНО** | **1.636.000** |

Програмата за работа на јавното претпријатие во 2019 година ќе се финансира од сопствени средства по пат на наплата од користење на услугата паркирање на јавните паркиралишта од отворен и затворен тип, подигнати возила, наплата на поставени блокатори, услуги спрема трети лица,

Планираното остварување и реализирање на програмата за работа зависи од приливот на финансиските средства од работењето, искористувањето на постојаните капацитети, трошоците од работењето, начинот и формата на наплатата на дадените услуги, трошоците за тековно одржување на објектите и сл.

| | |
|---|---|
| Битола, 2019 год. | ЈППЈЛП Битола |
| Директор на ЈППЈЛП Битола | Претседател на УО |
| Зоран Дојчиновски | Љиљана Обедниковска |
| -------------------------------------- | -------------------------------------- |